Борис Петровски, графити - уметник

# ПОЗИТИВНА ОПСЕСИЈА



*"Графитите се еволуција во сликарството, наменета за секого, ставена таму каде што ќе ја види секој, и каде што архитектите можеби заборавиле некој извесен детаљ на фасадите и на ѕидовите. Но, и самите графити еволуираат во безброј стилови и во виртуозноста на уметниците во користењето на спрејот"- Борис Петровски.*



Во Отвореното графичко студио на Музејот на град Скопје, минатата недела "течеа" видеопроекциите од безимениот проект на младиот графити - уметник **Борис Петровски**. Борис, инаку дипомирал на ФЛУ во одделот за склупторство и графички дизајн.

"Овој проект, всушност, има голема врска со моето скулпторско образование, затоа што на веќе постоечки објекти, јас дејствувам со спрејот како единствена графити - алатка. Всушност, целта на овој проект е облагородување голи ѕидови и напуштени објекти (како што се камион, кран, цистерна)", наведува Борис.



Графитите како урбана уметност, секаде во светот, многу ретко влегуваат во галериите. Графитите се и израз кој е создаден за да постои исклучиво на отворен простор. Уште од нивната појава на почетокот на осумдесеттите, кога беа носечки сегмент во новата урбана култура наречена *хип-хоп* - која ги поврзуваше *рап* музиката и атлетските денс вештини, односно *берејкденсот* - тие станаа заштитен знак на мегаполисите. Раѓањето на тој нов правец во применетата уметност, предводена од њујоршкиот "гуру" **Кит Херинг**, донесе една нова свежина на улиците, во вид на пораки, ло-











гоа, символи, имиња и слично.

"Моите графити се мој револт против сивилото што нé опкружува. Фасадите на зградите изидани во педесеттите и шеесеттите, со својата валканост и неугледност, а архитектонски широки и долги, просто плачат за уметнички освежувања. Потоа, расфрланиот отпад во вид на камионски кршови и слично, ги искористив во функција на изложбата, која беше проектирана на пет монитори. Тие, всушност, претставуваат пет филмувани получасовни исцртувања графити", истакнува Петровски.

Неговиот стил се стилизирани цевки во чии испреплетувања се крие пораката (некогаш *tube*, некогаш *infection* или *fpo*).

"Графитите се еволуција во сликарството, наменета за секого, поставена таму каде што секој ќе ја види и каде што архитектите, можеби, заборавиле некој извесен детаљ на фасадите и на ѕидовите. Но, и самите графити еволуираат во безброј стилови и во виртуозноста на уметниците во користењето на спрејот".

Видеопроекцијата на исцртување графити од Борис Петровски е првиот влез на графитите во некоја галерија во нашата држава.

**A.T.**

